**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I

Се избира Башким Бесими за Претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

II

Мандатот на Претседателот на Советот е во траење од две години без право на повторен избор.

III

Оваа одлука влегува на сила на ден 9.12.2025 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.02-87/5
9 декември 2025 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Марјана Илиеска,** с.р.

---

**4805.**

Врз основа на член 10 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.150/07, 100/11 и 42/20) на триесет и втората седницата на Советот одржана на 9.12.2025 година, Советот донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I

Се избира Марјана Илиеска за Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

II

Оваа одлука влегува на сила на 9.12.2025 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-87/6
9 декември 2025 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Башким Бесими,** с.р.

**4806.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно чл.9 ст.1 алинеја 2 чл.10 ст.1, чл.44 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.150/07,100/11 и 42/20), и чл. 87 ст.1 алинеа 1 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на РСМ“ бр.42/20) па одржаната триесет и втора седница на ден 9.12.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Мустафа Хајрулахи – Јавен обвинител и Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, по сопствено барање.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос му престануваат заклучно со 9.12.2025 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 9.12.2025 година, а ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

СОР бр. 4/25
9 декември 2025 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Башким Бесими,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**4807.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 55 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НАТПРЕВАР**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови на организирање на натпревари.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Натпревар е организиран настан со натпреварувачки карактер пред публика со цел јавно прикажување на летачки способности и достигнувања на пилоти на авиони, хеликоптери, лесни и ултра лесни авиони, едрилици, змејови, балони, параглајдери, падобранци, моделари, со цел постигнување на спортски резултати и рекорди, односно оценување на перформансите, вештините или техничките карактеристики,
2. Раководител на летање е лице кое раководи со активностите поврзани со подготовка и реализација на натпреварот и е одговорно за безбедноста и сигурноста на изведбата на натпреварот и
3. Натпреварувачки лет е летачка активност во која воздухопловот се користи за воздушни трки или натпревари, за вежбање за воздушни трки или натпревари или за летање до/од трки или натпревари.

2. НАЧИН И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ

**2.1 Начин и посебни услови за организирање на меѓународни натпревари**

Член 3

(1) Меѓународни натпревари во Република Северна Македонија се организираат на начин и во постапка утврдена согласно прописите за спортски дејности на Меѓународната воздухопловна федерација (Federation Aeronautique Internationale (FAI) Sporting code).

(2) Организаторот на меѓународен натпревар од став (1) на овој член ја известува Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенцијата) за местото, датумот на одржување и видот на натпреварот.

**2.2. Начин и посебни услови за организирање на национални натпревари**

Член 4

(1) Национален натпревар може да се одржи во воздушен простор претходно резервиран согласно Уредбата за проектирањето на воздушниот простор (организацијата и структурата), класификацијата, флексибилното користење на воздушниот простор и другите функции неопходни да се обезбеди максимално користење на воздушниот простор.

(2) Висината на резервираниот воздушен простор треба да биде најмалку 1000 метри (3000 стапки) над определената максимална работна висина за време на натпреварот.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, за натпревари во моделарство и параглајдерство, натпреварот може да се одржи и во воздушен простор кој не е резервиран, под услов ако висината на која се одржува натпреварот не е поголема од 150 метри над теренот и истиот не се одвива во контролиран воздушен простор.

Член 5

Параметрите на ограничувањата на воздухоплови со стварна брзина при маневрирањето во лет помала од 250 јазли се утврдуваат на следниот начин, и тоа:

1. Метеоролошки услови:

- видливост во лет најмалку 8 км;
- хоризонтална оддалеченост од облаци најмалку 1,5 км;
- вертикална оддалеченост од долна база на облаци најмалку 150 метри над горната граница на летање и
- без појава на умерена или јака турбуленција и

2. Минимална оддалеченост од публика:

- од патеката за возење најмалку 15 метри;
- од полетно слетната патека најмалку 50 метри и
- странична оддалеченост на зоната на летање најмалку 150 метри.

Член 6

На национални натпревари кои вклучуваат акробатски летови, акробатски фигури се изведуваат во согласност со упатствата на производителот за одреден тип на воздухоплов.

Член 7

(1) Минималната безбедна висина на летање треба да изнесува 50 метри, освен ако со одобрението од член 17 на овој правилник поинаку не е определено.

(2) По исклучок од став (1) на овој член минималната безбедна висина за елементот бришечко летање треба да изнесува најмалку две величини на распон на крилата за конкретниот авион или едрилица, односно две величини на дијаметарот на роторот за конкретниот хеликоптер.

Член 8

На натпреварот не може да се врши полетување и слетување во група и групно летање на воздухоплови од различни типови освен настапување во ешалон на група составена од подгрупи со ист тип на воздухоплови.

Член 9

За време на падобранските скокови, не треба да се изведуваат било какви други летачки активности во зоната на скокањето. За време на падобрански скокови не треба да работат моторите на авионите, односно хеликоптерите на земја ако нивната локација е помалку од 200 метри. Ако воздухопловот од кој се извршени падобранските скокови, слетува на истото леталиште на кое приземјуваат падобранците, не смее да слета се до приземјувањето и на последниот падобранец.

Член 10

(1) Организаторот на натпреварот треба да го одреди просторот за сместување на публиката така да истиот се наоѓа исклучиво странично во однос на местото за полетување и слетување, прелетување на воздухопловите, зоната на летањето, доскок на падобранците или кој се користи за други воздухопловни активности, односно странично од главните патеки, кои се користат за вршење на други летови како и надвор од секторите за приод и заминување кои им припаѓаат.

(2) Просторот од став (1) од овој член треба да биде ограден и јасно обележан со знаци на забрани и информации за да се оневозможи пристап на површините на кои се одвива натпреварот, односно во реонот под воздушниот простор предвиден за активности за време на натпреварот.

(3) Неовластени лица и возила не треба да се движат надвор од просторот наменет за публика и за паркирање на возила.

(4) Растојанието на првиот ред на публиката од работ на полетно-слетната патека не треба да биде помало од 50 метри.

Член 11

Не треба да се врши надлетување над просторот наменет за сместување на публиката и извршување на маневри во кои векторот на брзината на воздухопловот е кон публиката.

Член 12

Во просторот од 20 метри од воздухопловите, статичните места за полнење гориво и цистерните за точење гориво не треба да се пуши.

Член 13

Учесниците на натпреварот - пилоти треба да поседуваат важечка дозвола за соодветниот вид на воздухоплов и да имаат најмалку десет часа остварен налет во последните три месеци.

Член 14

(1) На натпреварот може да учествуваат воздухоплови кои се регистрирани, имаат доказ за пловидбеност и поседуваат гаранција за техничка исправност најмалку на ниво на извршен 50 часовен повремен преглед.

(2) На натпревар не може да учествува експериментален воздухоплов, освен кога се организира натпревар во моделарство.

Член 15

Целокупното летање во текот на натпреварот на сите воздухоплови се врши исклучиво со висиномери подесени по QFE – Atmospheric pressure at aerodrome elevation (атмосферски притисок на нивото на аеродромот).

Член 16

На натпревар не треба да учествуваат воздухоплови без воспоставена двострана радио врска помеѓу воздухопловот и раководителот на летање на натпреварот, како и настап на екипаж со кој раководителот на летање на натпреварот не може да комуницира на македонски или англиски јазик.

Член 17

(1) Натпревар може да се организира по претходно издадено одобрение од страна на Агенцијата.

(2) Доколку натпреварот се одржува во контролиран воздушен простор, Агенцијата го издава одобрението за организирање на натпревар од ставот (1) на овој член, по претходно добиено одобрение со одлука на Цивилно – воениот комитет, согласно Уредбата за проектирање-

то на воздушниот простор (организацијата и структурата), класификацијата, флексибилното користење на воздушниот простор и другите функции неопходни да се обезбеди максимално користење на воздушниот простор.

(3) Барање за издавање на одобрението за организирање на натпревар од ставот (1) на овој член се поднесува до Агенцијата во писмена или електронска форма, најдоцна 14 дена пред планираниот почеток на одржувањето на натпреварот.

(4) Барањето од ставот (3) на овој член треба да ги содржи следните податоци:

1. Назив, седиште и контакт телефон на организаторот на натпреварот;

2. Назив, вид, цел, датум, време, временски период во денот на одржување на натпреварот;

3. Име и презиме и контакт телефонски број на раководителот на натпреварот, односно на раководителот на летањето;

4. Место на одржување на натпреварот;

5. Реон на летање (доколку натпреварот опфаќа летање по рута) со податоци за безбедносните зони;

6. Висина на летовите изразено во QNH - Altimeter sub-scale setting to obtain elevation when on the ground (подесување на барометарските скали на висиномерите така да при приземјувањето да ја покажува висината на аеродромот);

7. Потврда за обезбедена служба за прва помош соодветна на карактерот на натпреварот;

8. Потврда за обезбедена противпожарна служба (доколку натпреварот опфаќа летање со воздухоплови со мотор);

9. Потврда од Министерството за внатрешни работи за пријавена воздухопловно-спортска дејност –натпревар;

10. Доказ за резервација согласно Уредбата за проектирањето на воздушниот простор (организацијата и структурата), класификацијата, флексибилното користење на воздушниот простор и другите функции неопходни да се обезбеди максимално користење на воздушниот простор и

11. Прелиминарен список на учесници.

(5) Кон барањето од ставот (3) на овој член се доставуваат следните документи:

1. Согласност на операторот на аеродромот за одржување на натпреварот доколку натпреварот се одржува на аеродром;

2. Скица на реонот на кој е планиран натпреварот со податоци за големината и стручна проценка за прикладноста на тој реон за одржување на натпреварот, потврда за пријавен настан од подрачна единица на МВР на чија што територија се наоѓа теренот и доказ за согласност за користење на тој реон во случај кога планираниот натпревар се одржува на приватен имот и

3. Елаборат за натпреварот.

Член 18

(1) Елаборатот од член 17 став (5) точка 3 на овој правилник треба да содржи:

1. Име и презиме на раководителот на натпреварот кој ќе раководи со активностите поврзани со подготовка и реализација на натпреварот;

2. Име и презиме, тип и број на дозвола на раководителот на летањето, односно скокањето кој ќе раководи и координира со активностите поврзани со подготовка и реализација на натпреварот и кој:

- за натпревари кои вклучуваат летање со авиони, треба да поседува најмалку дозвола на приватен пилот на авион (PPL) со овластување инструктор;

- за натпревари кои вклучуваат летање со едрилици, треба да поседува дозвола на пилот на едрилица со впишано овластување за инструктор или за летање со патник во комерцијални цели (професионален пилот на едрилица);

- за натпревари кои вклучуваат летање со ултра лесни авиони, треба да поседува дозвола за пилот на ултралесно летало (UL) со впишано овластување за инструктор или, дозвола за приватен пилот на авион (PPL) со овластување за инструктор;

- за натпревари кои вклучуваат скокање со падобрани, треба да поседува дозвола на падобранец со овластување најмалку за Б категорија или инструктор по падобранство;

- за натпревари кои вклучуваат летање на крила за слободно летање (змаеви и параглајдери), треба да поседува дозвола на пилот на крила за слободно летање со впишано овластување за инструктор;

- за натпревари кои вклучуваат летање со балони, треба да поседува дозвола за пилот на балон со впишано овластување за инструктор.

3. Име и презиме, тип и број на дозвола на помошниците на раководителите на летањето, односно скокањето од точка 2 на овој став;

4. Навигациски план на рутите (место на полетување и прекретници на рутата со место на слетување), во случај кога натпреварот опфаќа летање по рута;

5. Скица на аеродромот, леталиштето или теренот на кој се организира натпреварот со податоци за просторот за сместување на публиката;

6. Зона за летање, односно скокање на падобранците и паркинг зона за службени возила (брза помош, противпожарни возила, полиција, обезбедување и сл);

7. Програма за натпреварот во која се наведуваат бројот на планираните содржини, бројот на учесниците, временската рамка, видот на воздухопловите кои ќе учествуваат и идентификација на опасностите и проценка на ризиците со мерки за нивно ублажување.

8. Начин на обезбедување на:

- служба за прва помош,

- служба за противпожарно спасување (за натпревари кои вклучуваат летање на воздухоплови со мотор),

- план/протокол за итни ситуации (пр. евакуација, координација со службата за прва помош или за противпожарно спасување, известување за настан и слично),

- просторот наменет за публиката (скица),

- неопходните метеоролошки податоци.

(2) Елаборатот од ставот (1) на овој член треба да биде потпишан од раководителот на натпреварот и заверен со печат на правното лице што го организира.

Член 19

Координацијата со активностите поврзани со подготовката и организацијата на натпреварот која ја врши раководителот на летање од член 18 став (1) точка 2 на овој правилник опфаќа:

- проверување на метеоролошката ситуација и ситуацијата на аеродромот, леталиштето или теренот пред почетокот на летањето;

- одлучување за почетокот, прекинот или завршувањето на летањето;

- одржување на ред и дисциплина на аеродромот, леталиштето или теренот;

- проверување на пилотот дали поседува соодветна дозвола/овластување;

- преземање мерки во случај кога воздухопловот или опремата е неисправна;

- преземање на мерки кон лицето за кое ќе оцени дека психички или физички не е способно да лета, е под дејство на алкохол, дрога или психотропни супстанци, ги крши правилата на летање или на друг начин ја загрозува безбедноста на летањето и
- други работи поврзани со подготовка и организација на натпреварот.

Член 20

(1) Агенцијата во рок од пет дена од приемот на барањето од член 17 на овој правилник го известува писмено подносителот за приемот на барањето.

(2) Доколку барањето е целосно и доколку се утврди дека се исполнети пропишаните услови за организирање на натпревар, Агенцијата издава одобрение со кое се одобрува организирањето на натпреварот по доставен доказ за платен надоместок утврден со Тарифникот на Агенцијата.

(3) На постапките за стекнување на одобрение за организирање на натпревар, супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка доколку не е поинаку утврдено со овој правилник.

(4) По исклучок од став (3) на овој член во постапките кои се утврдени со овој правилник, странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за посебните услови, начинот и правилата за организирање на натпревари како воздухопловно-спортска дејност („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 291/21).

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-1443/2
9 декември 2025 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски**, с.р.

**4808.**

Врз основа на член 118 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 114/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА СТРУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ НА ЛИЦАТА КОИ ДАВААТ АЕРОДОМСКИ УСЛУГИ И ЗЕМСКИ УСЛУГИ НА АЕРОДРОМ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за стручно оспособување и утврдување на стручната оспособеност на лицата кои даваат аеродромски услуги и земски услуги на аеродром.

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) “лица кои даваат аеродромски услуги на аеродром” се лица одговорни за противпожарство и спасување и лица одговорни за операции и одржување на аеродромската инфраструктура;

2) “лица кои даваат земски услуги на аеродром” се лица одговорни за прифаќање и испраќање воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и лица одговорни за снабдување на воздухопловите со гориво и мазива и

3) „организација за давање на земски услуги” во понатамошниот текст (организација за земски услуги) е:

а) организација за земски услуги или организација за земски услуги што е дел од деловна групација на организации за земски услуги (давател на земски услуги на аеродром);

б) оператор на аеродром кој дава земски услуги (давател на земски услуги на аеродром) и/или

в) оператор на воздухоплов кој дава земски услуги самостојно или во рамките на една деловна групација на авиопревозник (самостоен давател на земски услуги).

Член 3

(1) Стручното оспособување и утврдувањето на стручната способност на лицата кои даваат аеродромски услуги на аеродром се врши на начин и услови пропишани во Регулативата (ЕУ) 139/2014 на Комисијата од 12 февруари 2014 за воспоставување на услови и административни процедури поврзани со аеродроми согласно Регулативата (ЕЗ) 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и нејзините измени и дополнувања прифатени со Правилникот за аеродроми и препреки (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 139/2014).

(2) Стручното оспособување и утврдувањето на стручната способност на лицата кои даваат земски услуги на аеродром се врши на начин и услови пропишани во Регулативата (ЕУ) 2025/20.

Член 4

(1) Одредбите од ЕУ Регулативата 139/2014 кои се однесуваат на лицата кои даваат аеродромски услуги ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

(2) Со денот на отпочнување на примената на одредбата од став (1) на овој член престануваат да важат одредбите од Правилникот за стручно оспособување на друг стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/13, 123/15 и 155/16) кои се однесуваат на професионалните пожарникари во воздухопловството и лицата кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење за безбедноста на воздушниот сообраќај.

Член 5

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручно оспособување на друг стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/13, 123/15 и 155/16).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 27 март 2028 година.

Бр. 10-1442/3
9 декември 2025 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски**, с.р.